Нуредин ИСЕЈНОВСКИ

# ПРОГРАМИРАНА НАСТАВА - ЛИНЕАРНО ПРОГРАМИРАЊЕ

**Наставна тема**: Македонија во XIX и почетокот на XX век
**Наставна единица**: Крушевската Република
**Тип на часот**: Обработка на нова наставна содржина

**Поединечни задачи што треба да се реализираат на часот.**
**Образовни задачи**: Да се запознаат учениците со создавањето на Крушевската Република, функционирањето на републиката, Крушевскиот манифест, задушувањето на востанието.

**Воспитни задачи**: Да се развие љубов кај учениците за националната историја, да се развијат патриотски чувства кај учениците.

**Корелација**: Материјалот се корелира со претходно изучениот материјал од наставната тема - целина: Македонија во XIX и почетокот на XX век.

**Наставни форми и методи**: Од формите на работа ќе се примени програмиран облик на работа - линеарно програмирање. Од наставните методи ќе се применат монолошка, дијалошка, демонстративна и текст- метода.

**Наставни и нагледни средства**: Програмиран материјал, програмирана содржина, клуч на точни одговори, контролни прашања, графофолии со повратна информација на точни одговори, слики од Никола Карев, Питу Гули, црешовото топче, карта на Илинденското востание.

**Артикулација на часот:**
**Воведен дел**: Со неколку прашања ги воведувам учениците во новата наставна содржина. Им се поделува програмираниот материјал и им се објаснува:
- наставната единица е поделена на осум целини (чекори);
- секоја целина внимателно да ја прочитаат, да одговорат на задачата и потоа да продолжат со следните целини;
- задачите да ги решаваат по ред;
- за нејасните работи да ме прашуваат;

- време на работа 25 минути;
- Им посакувам успешна работа.

**Главен дел**: Во овој дел од часот учениците ја обработуваат новата наставна содржина. Наставникот ја следи работата на учениците и им помага во извршувањето на задачите.

**Завршен дел**: Во овој дел од часот на учениците им се поделуваат контролни задачи со цел да се провери усвоеното знаење. За контролните прашања се оставаат 5 минути. Потоа на графофолија се прикажуваат точните одговори.

# КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА

(ПРОГРАМИРАНА НАСТАВА-ЛИНЕАРНО ПРОГРАМИРАЊЕ)

## ДИДАКТИЧКИ ЧЕКОР БР.1

ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ НАЈГОЛЕМ УСПЕХ БИЛ ПОСТИГНАТ ВО КРУШЕВСКИОТ РЕВОЛУЦИОНЕРЕН ОКРУГ. ТУКА, НА 2 АВГУСТ 1903 ГОДИНА, ШТАБОТ НА КРУШЕВСКИТЕ ВОСТАНИЦИ, НА ЧЕЛО СО НИКОЛА КАРЕВ ВО СВОЈСТВО НА НАЧАЛНИК НА ГОРСКОТО НАЧАЛСТВО, СПОРЕД ПОРАНО ПОДГОТВЕН ПЛАН ЗА НАПАД, ИСПРАТИЛ ПОВИК ДО НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ПОЧЕТОК НА БОРБИТЕ.

НОЌТА НА 2 - 3 АВГУСТ 1903 ГОД. 750 ВОСТАНИЦИ ГО НАПАДНАА КРУШЕВО. ПРЕТХОДНО ТИЕ ГИ ИСЕКЛЕ ТЕЛЕФОНСКИТЕ ВРСКИ НА ГРАДОТ. БИЛ ИЗВРШЕН УСПЕШЕН НАПАД ВРЗ ГРАДОТ, ОСОБЕНО ВРЗ ПОЗНАЧАЈНИТЕ ОБЈЕКТИ: ПОШТАТА И КАСАРНАТА. ПО НЕКОЛКУЧАСОВНА УСПЕШНА БОРБА ВОСТАНИЦИТЕ ГО ОСЛОБОДИЛЕ КРУШЕВО.

### ОДГОВОРИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ!

1. НА КОЈ ДАТУМ БЕШЕ ОСЛОБОДЕНО КРУШЕВО?

---

## ДИДАКТИЧКИ ЧЕКОР БР.2

ШТАБОТ НА КРУШЕВСКИТЕ ВОСТАНИЦИ НАСКОРО СЛЕГОЛ ОД ПЛАНИНАТА И ЛОГОРУВАЛ ВО МЕСНОСТА ГУМЕНЦЕ, КАДЕ ШТО СЕ ЗАФАТИЛ ДА ЈА ОРГАНИЗИРА НОВАТА ВОСТАНИЧКА ВЛАСТ, ПОЗНАТА ВО ИСТОРИЈАТА КАКО КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА.

ШТАБОТ НА ВОСТАНИЦИТЕ ЈА ПРЕЗЕЛ ВОЕНАТА ВЛАСТ ВО ГРАДОТ. ЗА ИЗБОР НА ДРУГИ ОРГАНИ НА ВЛАСТА БИЛО СВИКАНО СОБРАНИЕ НА НАЈИСТАКНАТИТЕ ГРАЃАНИ, КОИ ГО

СОЧИНУВАЛЕ СОВЕТОТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА. ОД РЕДОВИТЕ НА СОВЕТОТ БИЛА ИЗБРАНА ПРИВРЕМЕНА ИЗВРШНА ВЛАДА НА ЧЕЛО СО ДИНУ ВАНГЕЛИ. ШЕСТОЧЛЕНАТА ВЛАДА НАЈПРВИН СЕ ГРИЖЕЛА ЗА НАЈОСНОВНИТЕ РЕСОРСТВА: СУДСТВО, РЕКВИЗИЦИЈА, ФИНАНСИИ, ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, ПРЕХРАНА И САНИТЕТ (ЗДРАВСТВО). НА ТАКОВ НАЧИН, КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА БИЛА ПОСТАВЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДЛАБОКИ ДЕМОКРАТСКИ ПРИНЦИПИ.

**ОДГОВОРИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ!**

1. КОИ РЕСОРСТВА ГИ ИМАЛА ПРИВРЕМЕНАТА ИЗВРШНА ВЛАДА НА ДИНУ ВАНГЕЛИ?

---

**ДИДАКТИЧКИ ЧЕКОР БР.3**

ЗА ПОДОБРО ФУНКЦИОНИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА НАРОДНАТА ВЛАСТ, И ВООПШТО НА РЕПУБЛИКАТА, БИЛЕ ПРЕЗЕМЕНИ АКЦИИ ЗА ВООРУЖУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО И УТВРДУВАЊЕ НА ГРАДОТ СО ДЛАБОКИ РОВОВИ, ЗА ОТВОРАЊЕ НА РАБОТИЛНИЦИ ЗА ПОПРАВАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА И ДРУГО. ВО БЛИСКОТО СЕЛО СЕЛЦЕ БИЛЕ ИЗРАБОТЕНИ ПОЗНАТИТЕ ЦРЕШОВИ ТОПЧИЊА.

БИЛА ОТВОРЕНА СПЕЦИЈАЛНА БОЛНИЦА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА БОЛНИТЕ И РАНЕТИТЕ, А БИЛЕ ПОДГОТВЕНИ И ФУРНИТЕ ЗА ПЕЧЕЊЕ ЛЕБ И ДРУГИ ПРОИЗВОДИ. СЕКАКО ДЕКА ОРГАНИЗАТОР И ДУХОВЕН ИНСПИРАТОР НА СЕТО ОВА БИЛ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА НИКОЛА КАРЕВ.

**ОДГОВОРИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ!**

1. КАДЕ СЕ ИЗРАБОТЕНИ ПОЗНАТИТЕ ЦРЕШОВИ ТОПЧИЊА?

---

**ДИДАКТИЧКИ ЧЕКОР БР.4**

ЗА ВРЕМЕ НА ДЕСЕТДНЕВНАТА КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА ВОСТАНИЦИТЕ ИСПРАТИЛЕ ПОВИК, ПОЗНАТ ВО ИСТОРИСКАТА НАУКА КАКО МАНИФЕСТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА, ДО ЖИТЕЛИТЕ НА СОСЕДНИТЕ КРУШЕВСКИ СЕЛА, ГЛАВНО НАСЕЛЕНИ СО МУСЛИМАНСКО НАСЕЛЕНИЕ. МАНИФЕСТОТ НАПИШАН НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ИМАЛ ЦЕЛ ДА ГО УБЕДИ МУСЛИМАНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ДЕКА ВОСТАНИЕТО НЕ БИЛО КРЕНАТО ПРОТИВ НИВ, ТУКУ ПРОТИВ ЖЕСТОКАТА ЕКСПЛОАТАЦИА И НЕПОДНОСЛИВАТА ОСМАНСКА ТИРАНИЈА, А СО ЦЕЛ ДОБИВАЊЕ НА

ЧОВЕЧКИ ПРАВДИНИ.

**ОДГОВОРИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ!**

1. ДО КОГО БИЛ УПАТЕН МАНИФЕСТОТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА?

---

**ДИДАКТИЧКИ ЧЕКОР БР.5**

УСПЕХОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА ВРЕМЕ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ Е МОШНЕ ЗНАЧАЕН, ОСОБЕНО ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА КРУШЕВО, КЛИСУРА, СМИЛЕВО, НЕВЕСКА И ДРУГИ МЕСТА, И ПО НЕГОВОТО РАШИРУВАЊЕ НИЗ ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА.

СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО МАКЕДОНИЈА ВО ТОА ВРЕМЕ ПРЕТСТАВУВАЛА НИВНА ВАЖНА ПРОВИНЦИЈА, ОСМАНЛИИТЕ СЕ АНГАЖИРАЛЕ СО ГОЛЕМА ВОЈСКА ДА ГО ЗАДУШАТ ВОСТАНИЕТО. ПРВИТЕ СУДИРИ ВО ТЕКОТ НА ОСМАНЛИСКАТА ОФАНЗИВА ВО МАКЕДОНИЈА БИЛЕ ИЗВЕДЕНИ КАЈ СМИЛЕВО. ТАМУ И ВО СЕЛОТО ЃАВАТО СЕ ВОДЕЛЕ ЖЕСТОКИ БОРБИ СЕ ДО УНИШТУВАЊЕТО НА ВОСТАНИЧКИТЕ УПОРИШТА.

**ОДГОВОРИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ!**

1. ВО КОИ ПРАВЦИ СЕ ДВИЖЕЛА ОФАНЗИВАТА НА ОСМАНЛИСКАТА ВОЈСКА?

---

**ДИДАКТИЧКИ ЧЕКОР БР. 6**

ПО НЕКОЛКУДНЕВНИ ЖЕСТОКИ БОРБИ И ПО ЗАЗЕМАЊЕТО НА СМИЛЕВО, ГОЛЕМА ОСМАНЛИСКА ВОЈСКА ШТО ПРИСТИГНАЛА ОД ПРИЛЕП, КИЧЕВО И БИТОЛА ГО СТЕГНАЛА ОБРАЧОТ ОКОЛУ КРУШЕВО. НА 12 АВГУСТ 1903 ГОДИНА КРУШЕВО БИЛО ОПКОЛЕНО ОД СИТЕ СТРАНИ СО ОСМАНЛИСКИ АСКЕР И БАШИБОЗУК.

НА ПОВИКОТ ОД ТУРСКИОТ ВОЈСКОВОДЕЦ БАХТИЈАР-ПАША ВОСТАНИЦИТЕ ДА СЕ ПРЕДАДАТ СЕ ПОЈАВИЛЕ ВНАТРЕШНИ НЕСОГЛАСУВАЊА. СЕПАК, НА КРАЈОТ ЕДЕН ДЕЛ ОД ВОСТАНИЦИТЕ РЕШИЛЕ ДА ГО БРАНАТ ГРАДОТ. СЕ РАЗВИЛЕ ЖЕСТОКИ ДЕСЕТЧАСОВНИ БОРБИ НА МЕЧКИН КАМЕН, СЛИВА И ДРУГИ МЕСТА. НАЈЖЕСТОКИ БОРБИ СЕ ВОДЕЛЕ НА МЕЧКИН КАМЕН, КАДЕ ШТО МАЛОБРОЈНИТЕ ВОСТАНИЦИ, НА ЧЕЛО СО ВОЈВОДАТА ПИТУ ГУЛИ, НА КРАЈОТ ХЕРОЈСКИ ЗАГИНАЛЕ. ПОТОА КРУШЕВО БИЛО БОМБАРДИРАНО, ОГРАБЕНО И ЗАПАЛЕНО, А

ДЕЛ ОД НАСЕЛЕНИЕТО ИЗБЕГАЛО.

**ОДГОВОРИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ!**

1. НА КОЈ ДАТУМ КРУШЕВО БИЛО ОПКОЛЕНО ОД ТУРСКИОТ АСКЕР И БАШИБОЗУК?

___

2. НА КОИ МЕСТА СЕ ВОДЕЛЕ НАЈЖЕСТОКИТЕ БОРБИ ПРИ ЗАЗЕМАЊЕТО НА КРУШЕВО?

___

**ДИДАКТИЧКИ ЧЕКОР БР.7**

ВО ТЕКОТ НА АВГУСТ И СЕПТЕМВРИ 1903 ГОДИНА СЕ ВОДЕЛЕ ЖЕСТОКИ БОРБИ ПОМЕЃУ ВОСТАНИЦИТЕ И ТУРСКИОТ АСКЕР И БАШИБОЗУК ВО КОСТУРСКО, ЛЕРИНСКО, ПРЕСПАНСКО, ОХРИДСКО, КИЧЕВСКО, ПРИЛЕПСКО И ВО ДРУГИ МЕСТА. НА КРАЈОТ, ВОСТАНИЕТО БИЛО ЖЕСТОКО ЗАДУШЕНО. ПРИТОА БИЛЕ ЗАПАЛЕНИ ДОСТА СЕЛА, КУЌИ, УЧИЛИШТА, ЦРКВИ И СЛИЧНО. МНОГУ ЖЕНИ, ДЕЦА И ВОСТАНИЦИ БИЛЕ ФРЛЕНИ ВО ОГНОТ НА ЗАПАЛЕНИТЕ КУКИ. НАСЕКАДЕ НАСТАПИЛЕ ПУСТОШ И ТАГА.

ПОРАДИ СЕТО ОВА, НА 2 ОКТОМВРИ 1903 ГОДИНА ГЛАВНИОТ ВОСТАНИЧКИ ШТАБ НАРЕДИЛ БОРБИТЕ ДА ПРЕСТАНАТ, А ОРУЖЈЕТО И МУНИЦИЈАТА ДА СЕ ЗАСОЛНАТ И ДА СЕ СКЛАДИРААТ ЗА НОВИ ИДНИ ВОЕНИ ДЕЈСТВА.

**ОДГОВОРИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ!**

1. КОГА ЗАВРШИ ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ?

___

**ДИДАКТИЧКИ ЧЕКОР БР. 8**

ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ЗАЗЕМА ЗНАЧАЈНО МЕСТО ВО ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД. ИАКО НЕДОВОЛНО ПОДГОТВЕНО И ПРЕДВРЕМЕНО КРЕНАТО И НЕСРАЗМЕРНО РАЗВИЕНО НИЗ ЦЕЛА МАКЕДОНИЈА, А ВОСТАНИЦИТЕ ПОСЛАБО ВООРУЖЕНИ, ТОА СЕПАК ПРЕТСТАВУВА КРУПЕН НАСТАН ВО ПОНОВАТА МАКЕДОНСКА ИСТОРИЈА. РАКОВОДЕНО ОД МАКЕДОНСКИ ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ, СО ПОМАСОВНО УЧЕСТВО НА СЕЛАНСТВОТО, ТОА НОСИ НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНИ БЕЛЕЗИ.

СЕКАКО ДЕКА ВРВНО ДОСТИГНУВАЊЕ НА ВОСТАНИЕТО ПРЕТСТАВУВА ДЕСЕТДНЕВНАТА КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА, ВО КОЈА ИМАЛО ДОСТА ЕЛЕМЕНТИ НА ДЕМОКРАТСКИ ПОГЛЕДИ И

ВО КОЈА СЕ ИЗРАЗИЛЕ ДРЖАВОТВОРНИТЕ СТРЕМЕЖИ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПРЕКУ НЕГОВАТА БОРБА ЗА НАЦИОНАЛНО И СОЦИЈАЛНО ОСЛОБОДУВАЊЕ.

ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ИМАЛО ШИРОК ОДГЛАС КАЈ СВЕТСКАТА ПРОГРЕСИВНА ЈАВНОСТ, А ОСОБЕНО МЕЃУ МАКЕДОНСКИТЕ ИСЕЛЕНИЦИ. ТОА, СЕКАКО, ПОВТОРНО ГО АКТУЕЛИЗИРАЛО НЕРЕШЕНОТО МАКЕДОНСКО ПРАШАЊЕ. ВО ТАА СМИСЛА, СЕ БАРАЛО ПОВТОРНО ДА СЕ ПОСТАВИ И ДА СЕ РЕШИ МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ, ВО МАКЕДОНИЈА ДА СЕ ИЗВРШАТ КОРЕНИТИ РЕФОРМИ, ДА & СЕ ДАДЕ НЕЗАВИСНОСТ ИЛИ АВТОНОМИЈА НА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА И ДРУГО.

**ОДГОВОРИ НА СЛЕДНОТО ПРАШАЊЕ!**

1. КАКВО ВЛИЈАНИЕ ИМАЛО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВРЗ СВЕТСКАТА ЈАВНОСТ?

---

## Повратна информација

**1.** **1.** ВО НОЌТА МЕЃУ 2 - 3 АВГУСТ 1903 Г. БИЛО ОСВОЕНО КРУШЕВО.

**2.** **1.** ПРИВРЕМЕНАТА ВЛАДА НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА ГИ ВОДЕЛА ОСНОВНИТЕ РЕСОРСТВА: СУДСТВО, РЕКВИЗИЦИЈА, ФИНАНСИИ, ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, ПРЕХРАНА И ЗДРАВСТВО.

**3.** **1.** ПОЗНАТОТО ЦРЕШОВО ТОПЧЕ БИЛО НАПРАВЕНО ВО СЕЛОТО СЕЛЦЕ ВО БЛИЗИНАТА НА КРУШЕВО.

**4.** **1.** КРУШЕВСКИОТ МАНИФЕСТ БИЛ НАМЕНЕТ ПРВЕНСТВЕНО ЗА МУСЛИМАНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ОКОЛНИТЕ КРУШЕВСКИ СЕЛА.

**5.** **1.** ПРВИТЕ НАПАДИ НА ОСМАНЛИИТЕ БИЛЕ НАСОЧЕНИ КОН СМИЛЕВО.

**6.** **1.** НАЈЖЕСТОКИТЕ БОРБИ ПРИ ЗАЗЕМАЊЕТО НА КРУШЕВО СЕ ВОДЕЛЕ НА МЕЧКИН КАМЕН ПОД ВОДСТВО НА ПИТУ ГУЛИ.
**2.** НА 12 АВГУСТ 1903 ГОДИНА КРУШЕВО БИЛО ОПКОЛЕНО ОД ТУРСКИОТ АСКЕР И БАШИБОЗУК.

**7.** **1.** НА 2 ОКТОМВРИ 1903 Г. ГЛАВНИОТ ВОСТАНИЧКИ ШТАБ НАРЕДИЛ ДА СЕ ПРЕКИНАТ ВОСТАНИЧКИТЕ ДЕЈСТВА.

**8.** **1.** КАКО РЕЗУЛТАТ НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

СВЕТСКАТА ПРОГРЕСИВНА ЈАВНОСТ БАРАЛА ПОВТОРНО ДА СЕ ПОСТАВИ И И ДА СЕ РЕШИ МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ, ВО МАКЕДОНИЈА ДА СЕ ИЗВРШАТ КОРЕНИТИ РЕФОРМИ, ДА И СЕ ДАДЕ НЕЗАВИСНОСТ ИЛИ АВТОНОМИЈА НА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА И ДР.

## Контролен тест

**ГРУПА 1**

**ЗАОКРУЖИ ГО ТОЧНИОТ ОДГОВОР!**

1) КАКВА ДРЖАВА СОЗДАЛЕ ВОСТАНИЦИТЕ ВО КРУШЕВО?
   А. РЕПУБЛИКА
   Б. КРАЛСТВО
   Ц. ЦАРСТВО
2) КОЛКУ ДЕНА ТРАЕЛА ВОСТАНИЧКАТА ВЛАСТ ВО КРУШЕВО?
   А. ПЕТ ДЕНА
   Б. ДЕСЕТ ДЕНА
   Ц. ДВАЕСЕТ ДЕНА
3) КОЈ БИЛ ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА?
   А. ДИНУ ВАНГЕЛИ
   Б. ПИТУ ГУЛИ
   Ц. НИКОЛА КАРЕВ

## Контролен тест

**ГРУПА 2**

**ДОПОЛНИ ШТО Е ИСПУШТЕНО!**

1) ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИТЕ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА БИЛО СВИКАНО ________________ ОД НАЈИСТАКНАТИТЕ ГРАЃАНИ. ТИЕ ГО СОЧИНУВАЛЕ ________________ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА.

2) ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ВОСТАНИЕТО БИЛЕ ОТВОРЕНИ НЕКОЛКУ РАБОТИЛНИЦИ. ВО СЕЛОТО ______________ ВО БЛИЗИНАТА НА КРУШЕВО БИЛЕ НАПРАВЕНИ ПОЗНАТИТЕ________________ ТОПЧИЊА.

3) ___________ 1903 Г. ВО МЕСНОСТА _____________________ ВО БЛИЗИНАТА НА КРУШЕВО ДЕЛ ОД ВОСТАНИЦИТЕ ПОД ВОДСТВО НА ВОЈВОДАТА ПИТУ ГУЛИ ХЕРОЈСКИ ЗАГИНАЛ ВО ОДБРАНА НА ГРАДОТ.

# Контролен тест

**ГРУПА 3**

**ОДГОВОРИ НА СЛЕДНИТЕ ПРАШАЊА!**

1) КОИ РЕСОРСТВА БИЛЕ ПОД НАДЛЕЖНОСТ НА ПРИВРЕМЕНАТА ВЛАДА НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА?

______________________________________________

______________________________________________

2) КОЈА БИЛА ЦЕЛТА НА МАНИФЕСТОТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА?

______________________________________________

______________________________________________

3) КОИ БИЛЕ ПРИЧИНИТЕ ЗА НЕУСПЕХОТ НА ВОСТАНИЕТО?

______________________________________________

______________________________________________

# Решенија од контролниот тест

**ГРУПА 1**

1. а) РЕПУБЛИКА
2. б) ДЕСЕТ ДЕНА
3. ц) НИКОЛА КАРЕВ

**ГРУПА 2**

1. ЗА ИЗБОР НА ОРГАНИТЕ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА БИЛО СВИКАНО СОБРАНИЕ ОД НАЈИСТАКНАТИТЕ ГРАЃАНИ. ТИЕ ГО СОЧИНУВАЛЕ СОВЕТОТ НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА.
2. ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ВОСТАНИЕТО БИЛЕ ОТВОРЕНИ НЕКОЛКУ РАБОТИЛНИЦИ. ВО СЕЛОТО СЕЛЦЕ ВО БЛИЗИНАТА НА КРУШЕВО БИЛЕ НАПРАВЕНИ ПОЗНАТИТЕ ЦРЕШОВИ ТОПЧИЊА.
3. НА 12 АВГУСТ 1903 Г. ВО МЕСНОСТА МЕЧКИН КАМЕН ВО БЛИЗИНАТА НА КРУШЕВО ДЕЛ ОД ВОСТАНИЦИТЕ ПОД ВОДСТВО НА ВОЈВОДАТА ПИТУ ГУЛИ ХЕРОЈСКИ ЗАГИНАЛ ВО ОДБРАНА НА ГРАДОТ.

**ГРУПА 3**

1. ПРИВРЕМЕНАТА ВЛАДА НА КРУШЕВСКАТА РЕПУБЛИКА ГИ ВОДЕЛА ОСНОВНИТЕ РЕСОРСТВА: СУДСТВО, РЕКВИЗИЦИЈА, ФИНАНСИИ, ВНАТРЕШНИ РАБОТИ, ПРЕХРАНА И ЗДРАВСТВО.
2. ЦЕЛТА НА КРУШЕВСКИОТ МАНИФЕСТ, ИСПРАТЕН ГЛАВНО ДО МУСЛИМАНСКОТО НАСЕЛЕНИЕ ОД ОКОЛНИТЕ СЕЛА, БИЛО ДА ИМ ОБЈАСНИ НА МУСЛИМАНИТЕ ДЕКА ВОСТАНИЕТО НЕ Е ПРОТИВ НИВ ТУКУ ПРОТИВ НЕПОДНОСЛИВАТА ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ.
3. НЕДОВОЛНАТА ПОДГОТВЕНОСТ И ПРЕДВРЕМЕНОТО КРЕВАЊЕ ВОСТАНИЕ СЕ ГЛАВНИТЕ ПРИЧИНИ ЗА НЕУСПЕХОТ НА ВОСТАНИЕТО.